**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РОСОМАН**

**Арх.бр.12-400/7**
**од 15.01.2024 година.**

**До**
**Градоначалник на Општина Росоман**

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20) и донесената Програма за дополна на Програмата за изработување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во Општина Росоман за 2023 година, член 1, алинеја 20 со Одлука број: 08-67/1.11 од 30.01.2023 година, објавена во Службен Гласник на Општина Росоман бр.1/23 донесена од страна на Советот на Општина Росоман, Градоначалникот на Општина Росоман го дава следното

# СООПШТЕНИЕ

## За спроведување на јавен увид по

## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО НАМЕНА Е1.13 – ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (ФОТО-НАПОНСКИ ПАНЕЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА КОИ СЕ ГРАДАТ НА ЗЕМЈИШТЕ), НА КП бр.4050/14, КП бр.4050/23, КП бр.4050/6 КО РОСОМАН, ОПШТИНА РОСОМАН

### Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Росоман дека се организира Јавен увид **за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП бр.4050/14, КП бр.4050/23 и КП бр.4050/6, КО Росоман, Општина Росоман,** со технички број

**71/22 од Октомври 2023 година** изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг „УРБАН ПРОЕКТИНГ" – ДООЕЛ Велес.

**Член 2**

Проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП бр.4050/14, КП бр.4050/23 и КП бр.4050/6, КО Росоман, Општина Росоман** е опфатен во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, според кој се изработени условите за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија, со технички број Y06923 од Март 2023.

Границите на планскиот опфат се:

- На север граничи со соседна парцела со КП 4050/5 КО Росоман
- На исток граничи со земјен пат
- На југ граничи со соседна парцела со КП 4050/7 КО Росоман
- На запад граничи со земјен пат

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува **14362 м2 или 1,4ха.**

Со овој урбанистички проект се планира градба на површински соларни и фотоволтаични електрани.

Во границите на планскиот опфат планирано е оформување на две нови градежни парцели согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти.

Парцелите се со следните класи на намена:

**Е – инфраструктури**

**Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани**

**Е.1.8 Инфраструктура за пренос на електрична енергија (трафостаница)**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РОСОМАН**

Во рамки на градежната парцела се планирани поставување на Површински соларни и фотоволтаични електрани.

Пристапот до градежната парцела ќе се обезбеди со изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за пристапен пат до идните фотоволтаични електрани.**

**ЈАВЕН УВИД**

На **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП бр.4050/14, КП бр.4050/6 и КП бр.4050/23, КО Росоман, Општина Росоман** изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг „УРБАН ПРОЕКТИНГ“ – ДООЕЛ Велес со тех.бр. **71/22 од Октомври 2023 година година** ќе **трае 15 (петнаесет)** дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Росоман www.opstinarosoman.gov.mk во период од **19.01.2024 до 02.02.2024 година** за кое време може да се доставaт евентуални забелешки, секој работен ден од 08.00 до 16.00 во просториите на Одделението за Урбанизам при Општина Росоман.

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов**

**Изработил:**
**м-р.инж.арх. Ана Несторова**

Ana Nestorova

Digitally signed by Ana Nestorova
DN: C=MK, OID.2.5.4.97=VATMK-4011004124371 + O=OPShTINA ROSOMAN Rosoman, OU=OPShTINA ROSOMAN Rosoman:4011004124371, G=Ana + SN=Nestorova + SERIALNUMBER=CRT3612911 + CN=Ana Nestorova
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2024.01.15 10:50:45+01'00'
Foxit PDF Editor Version: 12.0.2